**НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 64 точка 22 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 3/2002, 51/2003, 85/2003, 40/2004, 61/2005 и 129/2006), член 57 став 2 и став 3 и член 59 став 5 од Законот за банките („Службен весник на Република Македонија“ бр. 67/2007), Советот на Народната банка на Република Македонија донесе

# ОДЛУКА
## за изменување и дополнување на Одлуката за издавање согласности
## („Службен весник на Република Македонија“ бр. 139/2008)

I. Во Одлуката за издавање согласности („Службен весник на Република Македонија“ бр. 91/2007 и 134/2007), се вршат следните измени и дополнувања:

1. Во глава IV, точка 16, ставот 2 се брише.

2. Во глава V, точка 20, ставот 3 се брише.

3. Во образец 1, точката 4 се брише, а точките 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12, 13, 14, 15, 16 и 17 стануваат точки 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12, 13, 14, 15 и 16.

4. Во образец 2, точката 4 се брише, а точките 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12, 13, 14 и 15 стануваат точки 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12, 13 и 14.

5. Во образец 3, точката 4 се брише, а точките 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12, 13, 14, 15, 16 и 17 стануваат точки 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12, 13, 14, 15 и 16.

6. Во образец 4, точката 8 се менува и гласи:

„Дали на лицето кое остварува контрола во правното лице му била изречена прекршочна санкција, односно казна забрана за вршење професија, дејност или должност? Ако била изречена ваква санкција, односно забрана, наведете ги сите детали.“

Во образец 4, потточката 9.1 се брише.

II. Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

**О. бр. 02-15/XII-2/2008**
**30 октомври 2008 година**
**Скопје**

**м-р Петар Гошев**
**гувернер и**
**претседател**
**на Советот на Народната банка**
**на Република Македонија**